ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Втор мандат за градоначалникот Горан Трајковски
- Започна инфраструктурниот дел од проектот „Водоснабдување на Делчево“
- Министерот Бочварски од Делчево: Делчево доби лик на модерен град
- Нејзината екселенција амбасадорката Брнз и градоначалникот Трајковски присуствуваа на првиот Саем за социјално претприемништво во Делчево

ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 18 СЕПТЕМВРИ/ОКТОМВРИ 2021

## Втор мандат за градоначалникот Горан Трајковски



### Започна инфраструктурниот дел од проектот „Водоснабдување на Делчево“



### Министерот Бочварски од Делчево: Делчево доби лик на модерен град



### Нејзината екселенција амбасадорката Брнз и градоначалникот Трајковски присуствуваа на првиот Саем за социјално претприемништво во Делчево



Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Последна Седница на стариот состав на Советот на Општина Делчево



Делчевските советници ја одржаа 56 Седница која е и последна седница на Советот на Општина Делчево во овој состав. На Дневен ред на Седницата беа 13 точки.

Советниците ја донесоа Одлуката за набавка и поставување лед- диодни светилки во Општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност со што дадоа согласност и поддршка за проектот. Износот на Грантот за успешност е во зависност од вредноста на успешно реализираните под-заеми за имплементација на проектот: „Подобрување на јавните општински услуги во општина Делчево-“,-Изградба на станбена улица бр.3 од СТ.0+237.00 ДО СТ. 0+606.33“-**MSIP**2-**NCB-036-21** кој е во висина од 7.493.900, 60 мкд од кои 5.266.748 мкд се средства од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), а остатокот од Буџетот на Општина Делчево. Вкупната вредност на проектот е 1.422.021.90 со вклучен ДДВ, грант – средства кои се обезбедени од Компонента В: Грантови за успешност се во висина од 1.422.021.90 мкд.

Советниците го усвоија и Извештајот за јавна безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Делчево; Годишниот план за вработување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2022 година; Годишниот извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2020-2021 година и Годишна програма за работата на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2021-2022 година; Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2021 година; Годишниот извештај за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за воспитната 2020-2021 година и Годишната програма за работата на оваа установа; Одлуката за давање согласност на изменување и дополнување на Статутот на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево; Одлуката за согласност за утврдување на работното време на установата за објект 3 во село Разловци; Извештајот за спроведување на Функционалната анализа во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево, како и Одлуката за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација и Одлуката за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

Совет на Општина Делчево

# Министерот Бочварски: Делчево го добива ликот на модерен град

Актуелности




Интензивно се работи на реализација на инфраструктурните проекти во Делчево кои се дел од Проектот за поврзување локални патишта во РСМ кој МТВ го реализира со финансиска поддршка на Светска банка. Увид во градежните работи на ул. „Орце Николов" денеска извршија министерот за транспорт и врски, Благој Бочварски и градоначалникот на Делчево, Горан Трајковски.

Како што истакна министерот Бочварски, Делчево во овие четири години го доби својот изглед на модерен град, а во Делчево и нема регионален пат кој не е рехабилитиран.

–Овие погранични општини ни се од особена важност заради регионалното поврзување, пограничната соработка со соседните општини и затоа вложуваме и инвестираме за подобар живот, полесно поврзување и раздвижување на економијата и генерално, за просперитетна иднина на сите граѓани, истакна Бочварски.

Градоначалникот Трајковски изрази благодарност до Владата и до министерот Бочварски за конкретната поддршка за Делчево.

-Со поддршка на Владата, преку МТВ и Светска банка одговараме на приоритетите на сите жители на Делчево. Како никогаш претходно, Делчево доби околу 800.000 евра неповратни средства наменети за решавање инфраструктурни проблеми и средства кои носат развој, подобар квалитет на животот и подобрување на состојбата со патната инфраструктура во Делчево. Во првата фаза се реконструира и гради инфраструктура во должина од 6.1 км., а во наредната втора фаза од реализацијата, повторно ќе ги слушаме прирitетите на граѓаните и ќе продолжиме со изградба и реконструкција на други улици во Делчево, рече Трајковски.

Во населбата Ново Делчево привршуваат работите за реконструкција на две клучни сообраќајници „Скопска" и „Орце Николов", со вкупна должина од 750 м, а деновиве започнуваат градежните работи и на ул „Острец" каде ќе се прошири коловозот на критичната кривина и ќе се изгради потпорен ѕид со што ќе се подобри безбедноста во сообраќајот на овој дел од улицата, а интензивно се работи на изградба на патот Делчево -Работивиште во должина од 5,3 км со што се добива уште една сообраќајница која овозможува полесен пристап до селата Работивиште и Разловци, односно се гради уште една патна алтернатива за овие две села во Делчево.

# Започна изградбата на новите водводи во Ѕвегор и Габрово



Фирмата „Бауер БГ“ започнува со изградба на новите водоводи во Ѕвегор и Габрово, како дел од втората фаза од реализацијата на големиот проект „Водоснабдување на Делчево“. Претставници од фирмата, заедно со претставници од Министерството за животна средина, Швајцарската консултантска фирма заедно со градоначалникот Трајковски и директорот на ЈКП „Брегалница“, Стојковски, извршија увид во подготвителните активности за старт на градежните работи и вовед на изведувачот во работа.

Како што истакна градоначалникот Горан Трајковски трајно се решава проблемот со водоснабдување во Габрово и Ѕвегор.

–Комплетно нов водоводен систем ќе добијат двете делчевски села Ѕвегор и Габрово. Постоечката мрежа за водоснабдување целосно ќе се замени со нова. За да се подобри водоснабдувањето во Ѕвегор, предвиден е нов резервоар со капацитет од 150m3. За да се обезбеди непречен пристап на комуналното претпријатие до цевководите, како и објектите на мрежата, новата мрежа ќе биде водена по улиците на селото, а се предвидуваат и хидранти распоредени на достапни места во селото, покривајќи ја целокупната урбана површина за справување со пожар, истакна Трајковски.

Додека за с. Габрово, како што истакна директорот на ЈКП „Брегалница, Стојковски, ќе се намалат трошоците за производство на вода поради големата потрошувачка на електрична енергија од застарените пумпи во бунарот и трошоците поради честите дефекти.

-Во Габрово и Ѕвегор ќе се добие континуирано снабдување со квалитетна вода за пиење и во доволен капацитет. Што значи трајно решавање на проблемот со водоснабдувањето конкретно во овие две села, а со дореализацијата на големиот проект ќе се реши и проблемот со водоснабдување на селата од Трабroom Траб√отивиште, до Делчево, истакна Стојковски.

Втората фаза од проектот „Водоснабдување на Делчево“, е финансиран од Министерството за животна средина во висина од 1, 3 милиони швајцарски франци. Вкупниот проект „Водоснабдување на Делчево“ е во износ од 7, 3 милиони швајц.франци од кои 6 милиони се донација од Швајцарската конфедерација, а 30.000 швајцарски франци контрибуција на Општина Делчево.

Актуелности

Актуелности

# Интензивно се работи на изградба на новиот градски пазар



Интензивно се работи на изградба на современиот градски пазар во Делчево. Во моментов во тек е поставување на челичната конструкција на покриениот дел од пазарот, а претходно на проектираната површина се завршени бетонските работи, а поставена е водоводната и фекалната канализација.

Градоначалникот на Делчево, Горан Трајковски, направи увид во текот на работите при што истакна дека изградбата на првата фаза од современиот градски пазар, капитален проект за Делчево, треба да заврши до декември оваа година.

-Комплетно се обезбедени средства за дореализација на проектот современ градски пазар и за прва и за втора фаза од изградбата во висина од околу 35 милиони денари. Воедно, сакам да истакнам дека станува збор за доста значаен проект за Делчево кое ќе биде уште едно место двигател на локалната економија и кој има регионално значење за Општината која е на крајниот исток од државата, каде доаѓаат посетители од соседна Бугарија, но и како транзитно место, често посетувано од граѓани од цела држава и пошироко, рече Трајковски.

Со реализацијата на овој проект, Делчево ќе добие современ градски пазар со целата инфраструктура, каде ќе бидат испочитувани сите критериуми за соодветно чување и продавање на храната и на најразновидната стока, како и соодветен паркинг– простор.

Градскиот пазар е со површина на  градежна парцела 11.599 м2 и површина за градење  6.944 м2 и содржи продажен простор за земјоделски производи, но и други стоки.

Инаку, во следниот период планирана за изградба е нова улица која ќе го поврзува новиот пешачки мост и новиот градски пазар со што ќе се реши уште една инфраструктурна потреба за делчевци и е во насока за заживување на овој дел од централното градско подрачје кое ќе добие нов урбан лик.

# Се градат три крака во нас. Стрелиште



Во населбата Стрелиште во тек е изградба на три крака од ул. „Голем рид“ со што се одговора на барањето и потребите на жителите од оваа населба и се решава деценискиот проблем со патната инфратсруктура.

Во моментов се изведуваат земјени работи на теренот по што ќе следува асфалтирање на крацитe кои се со вкупна должина од околу 250 метри.

Инвестицијата за изградба на оваа улица е на Општина Делчево и во рамките на пакетот инфраструктурни проекти за изградба на улици во Делчево и селските средини во износ од 9 милиони денари.

Актуелности

# Заврши изградбата на патеката Делчево-Илин Камен



Заврши доизградбата на дел од велосипедската патека Делчево-Илин Камен во должина од 720 метри рамките на која се изгради улица во с. Ѕвегор, како дел од патеката.

Увид во завршните работи изврши градоначалникот Горан Трајковски, кој го истакна значаењето на проектот кој е во насока на промоција на природниот раритет Илин Камен во непосредна близина на Ѕвегор, зголемување на потенцијалите и содржините на туризмот во Делчево, како и промоција на велосипедизмот и рекреативното пешачење.

Средствта се обезбедени од Министерство за локална самоуправа преку Бирото за регионален развој, а во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој, проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби.

Висината на инвестицијата е 4,999,893.25 со вклучен ДДВ. Од Бирото за рамномерен регионален развој се обезбедени 3.500 000 денари.

Градежните работи ги изведува фирмата СД Транс, како најповолен понудувач.

Актуелности

# Се гради првата атрактивна фонтана во Делчево




Со изведување земјени работи и подготовка на теренот, започна изградбата на првата од двете планирани фонтани во централното градско подрачје. Увид во работите направи градоначалникот Горан Трајковски кој изрази задоволство од почетокот на работите и истакна дека економскиот оператор одбран во тендерска постапка има обврска работите да ги заврши во рок од 6 месеци.

– Фонтаната е проектирана во формата бесконечност и одраз на модерно и современо Делчево. Идејното решение за фонтаната е уште еден несекојдневен производ на делчевската архитектонска фирма ГП „Архитекти“ и дипл.инж.арх. Гоце Попов, чиј потпис стои и на архитектонското решение на новиот градски пазар во Делчево. Со ова идејно решение, се внесува живост, динамика, естетика и го оплеменува околниот простор, а со тоа ја реобликува и новата градска слика и го привлекува вниманието на минувачите и посетителите, истакна Трајковски.

По начинот на функционирање, фонтаната е замислена да биде со затворен систем, односно предвидено е да врти една иста количина на вода од приближно 7м3 и да ја филтрира преку своја филтер– централа. Гледана во основа, димензиите на фонтаната се 4 метри ширина и 6 метри должина. Вкупната висина на целата фонтана е 395 см.

Паричните средства за реализација на овој Договор се обезбедени од донации и од Буџетот на Општина Делчево за 2021 година. Вредноста на Договорот изнесува 2.616.296,00 денари без вклучен ДДВ, односно 3.087.229,00 денари со вклучен ДДВ.

Инаку, за Делчево ова е прва фонтана од ваков вид и заедно со втората фонтана планирана од другата страна на Брегалница, пред Спомен-домот АСНОМ, како и другите планирани објекти во ова подрачје, ќе даде нов белег на градот и визуелна доминација во централното градско подрачје.

# Саем за социјално претприемништво во Делчево

Актуелности



Во присуство на американската амбасадорка Кејт Мари Брнз, претставници од Амбасадата на САД во Софија, градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, претставници од бизнис-заедницата и невладиниот сектор, во Делчево се одржа првиот Саем за социјално претприемништво. На Саемот главен збор имаа 50 –ина млади од регионот вклучени во проектот „Бизнис- развој на млади преку социјално претприемништво“ кои презентираа идеи од различни области со фокус на социјалното претприемништво.

„Ако сакаме да градиме подобра иднина треба да инвестираме во оние кои се двигатели на подоброто утре, а тоа е младината“ порача амбасадорката Брнз и додаде дека прв чекор во остварување на оваа цел е да се слушнат младите, да се соединат во мрежа на познанства за понатаму да се спроведуваат идните идеи.

-Овој проект не само што ги исполни нашите цели, туку и ги натфрли нашите очекувања, а тоа е благодарение на сите што помогнаа на младите за да ги остварат целите. Мојата заложба е да се креираат конекции меѓу младите луѓе, локалните бизниси, институции, владата за подобра иднина на нашите идни генерации, рече амбасадорката Брнз.

Градоначалникот Трајковски го потенцираше значењето на социјалното претприемништво истакнувајќи дека во поддршката на социјалната економија потребно е да се вклучи и поширокатa бизнис- заедница паралелно со јавните институции и агенции, како и граѓанскиот сектор.

-Во земјава има само триесетина фирми формирани врз основа на социјалното претприемништво, а во Делчево нема ниту една. Тогаш е јасно, колкаво е значењето на овој проект во кој активно беа вклучени млади лица. И, всушност, за многу работи треба и да учиме од младите, да го слушаме нивниот глас, идеи, бидејќи тие се и прогресивната сила, онаа која води напред во развојот на едно општество. Како градоначалник на Делчево, сакам да испратам порака дека даваме поддршка на реализацијата на сите проекти кои носат и отвораат една нова перспектива, рече Трајковски.

Проектот го реализираше Регионалниот центар за застапување Делчево со финансиска поддршка на Амбасадата на САД, а целта е да се подигне јавната и институционална свест за социјалното претприемништво, да се стимулира развојот на нови социјални производи, услуги, технологии и можности во источниот регион на земјата, што долгорочно ќе донесе повеќе приходи, раст на економијата и подобар животен стандард.

## Започна ОКР 2021

Ангажираните 25 лица започнаа со активностите во рамките на активната програма Општинско – корисна работа како дел од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2021 година. Лицата се ангажирани преку проектот „Социјални улуги за сите“ – финансиран од страна на УНДП и проектот „Грижа за стари лица и лица со попреченост“ со средства обезбедени од СДЦ.

Во рамките на двата проекта има вкупно 6 различни активности, со што се опфаќаат повеќе различни групи на крајни корисници, од деца од претшколска возраст, лица со попреченост, до стари и изнемоштени лица кои ќе добиваат услуги од социјалната сфера.

Со ангажираните лица е склучен договор во траење од 9 месеци, со задолжителна обука од три месеци за лицата кои не поседуваат сертификат. За извршените услуги ќе им биде исплатен паричен надоместок во бруто- висина од 9.000 денари месечно, со вклучени данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Вкупниот буџет за проектот „Социјални услуги за сите“ изнесува 1.458.000,00 ден. од кои средства за плати обезбедени од УНДП во износ од 1.166.400,00 ден. и средства за данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест обезбедени од Општина Делчево во износ од 291.600,00 ден. Бројот на директни крајни корисници кај овој проект е 293 лица (стари лица и лица со пореченост, деца од претшколско образование, корисници на народна кујна).

Кај проектот „Грижа за стари лица и лица со попреченост“ вкупниот буџет изнесува 567.000,00 ден.- средства обезбедени од Швајцарската агенција за развој и соработка, со 36 крајни корисници (стари лица и лица со попреченост) и 7 ангажирани лица.

Активностите ќе се спроведуваат до 31.05.2022 година, на територијата на Општина Делчево како и во партнер институциите ОЈУДГ „Весели цветови“ Делчево и Дневен центар за лица со посебни потреби.

„Општинско корисна работа“ преставува активност која на долгорочно невработените лица им нуди можност за социјална вклученост преку работно ангажирање со скратено работно време- 20 работни часови неделно, а се со цел стекнување на одредени вештини и постепено вклучување на пазарот на трудот.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Музеј на отворено-палеонтолошкиот локалитет кај Стамер излезе од анонимноста



Уникатниот палеонтолошкиот локалитет Стамер го стави на увид на јавноста богатството од пикерминска фауна откриено во научните истражувања изминатите години со што го доби епитетот за прв заштитен и уреден палеонтолошки локалитет во Република Северна Македнија. Овде се инвестираше во уредување на локалитетот и изградба на потребна инфраструктура, информативни табли, а поставени се и копии од ископаните фосили на овој локалитет преку Проектот за уредување природни реткости во Општина Делчево. Проектот се реализира во рамки на Програмата за зачувување на природата во РСМ преку проект на Швајцарската агенција за развој и соработка.

Како што истакна Биљана Гаревска од Природонаучниот музеј во Скопје, карактеристични за овој локалитет се пронајдените фосили од жирафа.

-Најкарактеристичен вид кој е пронајден на овој локалитет е Sivatherium Garevskii, кој по пронаоѓањето на овој фосил од жирафа веќе се потврди и тоа ја зголемува уникатноста на овој локалитет. Тоа што го прави најкарактеристичен е дека е прв вид во Европа, меѓутоа го имало во Азија и Африка. Овој вид претставуваше една алка која недостига во тоа да ние ете знаеме дека копната во минатотото биле споени, рече Гаревска. Рударскиот инженер Љубе Митевски од село Стамер кој ги откри првите фосили потврди дека целата приказна почнала со откривање на рогот од жирафа во 2007 година кој бил откриен на неколку метри над селото Стамер.

Проектот за уредување на Палеонтолошкиот локалитет Стамер, се реализираше под водство на професор Васил Анастасовски од „Македонското еколошко друштво и е во функција на развој на туризмот како стратешка цел на Општина Делчево.

Палеонтолошкиот локалитетот Стамер е откриен во 2007 година со првите пронајдени фосили од страна на локалниот жител Љубе Митевски и научната потврда од познатиот палеонтолог проф. д-р Ристо Гаревски.

Актуелности

# Свечена седница по повод Денот на ослободувањето на Делчево




Во празнична атмосфера, Делчево одбележа 77 години од ослободувањето на градот и 30 години од независноста на Република Северна Македонија.

По тој повод беше одржана Свечена седница на Советот на Општина Делчево на која претседателот на Советот, Драган Маневски, изрази благодарност на сите членови на Советот во изминатиов период, на сите градоначалници и поранешни претседатели кои со својот личен ангажман, несебичен труд и залагање, дадоа значаен придонес во изградбата и развојот на Делчево.

Овој значаен ден за Делчево е посветен на сите директни и индиректни учесници во борбата со огнената стихија незапаметена во историјата на Делчево која се закануваше да го уништи сето тоа што со години е создавано и со што се гордееме, порача во своето обраќање градоначалникот Горан Трајковски. Тој од говорницата упати јавна благодарност до сите кои се вложија во оваа криза.

На Свечената седница беше доделена општинско признание на ТППЕ Делчево за нивната активна вклученост во борбата со огнената стихија во август 2021 г во Пијанец, а посебни благодарници добија институции и фирми кои беа директно или индиректно вклучени во гаснењето на пожарите.

Традиционално на Свечената седница беа доделени и наградите за најубаво уреден двор. Согласно со оценката на Комисијата награда за најубав двор добија: Јован Здравковски, Ванчо Стојмирски и Виолета Пецова од с. Ѕвегор, додека за колективно домување награда освоија станарите од колективната зграда бр. 2 на ул „Кеј на Брегалница“.

Свечената седница беше искористена и за доделување на наградите на првенците на генерацијата од трите образовани институции, како и на наградените матуранти.

Чествувањето на двата значајни датуми од историјата на Делчево започна пред споменикот на паднатите борци во центарот на градот кој го чува споменот на паднатите борци во НОВ од делчевскиот крај, каде беше прочитан рефератот богат со историски податоци за Денот на ослободувањето на Делчево и Денот на независноста, од страна на членовите на КУД „Гоце Делчев“ по што свежо цвеќе положија: делегација од Општина Делчево и од Советот на Општина Делчево, претставици од институции, политички партии и здруженија на граѓани.

# „Мојот влог за иднината“ на проф д-р Трајан Гоцевски

Култура




„Нам никогаш во историјата никој не ни дал ништо, сè што сме создале било платено со многу висока цена. И за формирањето на АРМ плативме висока цена. Тоа треба да го знаат постарите, ама особено помладите, тоа што го имаме стекнато до сега и го имаме сега, треба достојно да го браниме, за повторно да не си поигра судбината со нас…“

Ова е еден мал дел од книгата „Мојот влог за Македонија“ 2 дел, на делчевецот проф.д-р Трајан Гоцевски која беше промовирана во Делчево во рамките на Програмата за одбележување на двата значајни датуми од историјата на Делчево, ослободувањето на Делчево, 7 Септември и 30-годишнината од Денот на независноста на РСМ.

На промоцијата присуствуваше и претседателот на РСМ, Стево Пендаровски, како и министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски кој беше и промотор на новото дело на проф. Гоцевски.

По повод Денот на ослободување на Делчево и Денот на независноста, градоначалникот Трајковски додели посебни признанија на претседателот на РСМ, Стево Пендаровски и на министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, за нивната максимална ангажираност во борбата со огнената стихија во Пијанец и развојот на Делчево. Признанија добија и поранешниот премиер на РСМ, Љубчо Ѓеоргиевски, проф.д-р Трајан Гоцевски, а постхумно признание за посебен придонес во развојот на Делчево доби и Милка Такева-Григоријевиќ, истакнат политиколог од Делчево.

Во културно-уметничкиот дел од програмата настап имаа Пејачката грипа „Ѓурѓа“ и ФГ „Копачка“ од с. Драмче.

# Промовирана монографијата на Прачковски „За Делчево и животот на делчевци од 1920 до 1960 г“

Култура




Монографијата „За Делчево и животот на делчевци од 1920 до 1960 “од авторот Љупчо Прачковски, на стотина страници се прикажува секојдневието на обичниот човек, на малите, но по многу нешта големи луѓе, со сите радости, таги и анегдоти, па преку своите живи сведоци, споменати во книгата, со нивните спомени и љубоморно чувани стари фотографии пожолтени од времето, се создава приказната за штотуку роденото Делчево.

Инспириран од спомените на неговата мајка Злата Прачковска за неговиот дедо Илија Такев Илиев познат предводник на делчевските Соколи, Прачковски со години трага по секојдневните случки на делчевци, со ентузијазам и многу вложен труд, ни ја пренесува сликата на создавањето на делчевската чаршија, на првите занаетчии, кафанџии, на градското корзо, на убавите моми и веселите момчиња, на првите игранки организирани во читалиштето, но и соколаната, на боемите кои му даваат посебен зачин на тогашниот живот, со цел да го сочува од заборав и да го вткае во редовите на оваа монографија. Во книгата се поместени и биографии за истакнати личности од тоа време, не само преку зборови, туку со 70 фотографии, ни се доловува сликата на Делчево од тој период.

Настанот е организиран во рамките на одбележувањето на 7 Септември, Денот на ослободување на Делчево и 8 Септември, Денот на независноста на РСМ, а по тој повод, градоначалникот Горан Трајковски, на авторот Љупчо Прачковски му додели Признание за неговиот ентузијазам и труд вложен во општетсвениот развој на Делчево.

Промотори на книгата беа м-р Даниела Такева и Миле Горѓијоски, а настанот е во организација на Општина Делчево, НУЦК „Никола Јонкова Вапцаров“ и ЈЛБ „Илинден“.

Култура

# Одбележан 23 Октомври, Ден на македонската револуционерна борба



Со пригодна свеченост, Општина Делчево го одбележа Денот на македонската револуционерна борба, 23 Октомври. Настанот се одвиваше пред споменикот на Гоце Делчев во центарот на градот. По тој повод, за значењето на овој празник, членовите од КУД „Гоце Делчев“ од Делчево подготвија пригоден реферат, а пред споменикот на Гоце Делчев се поклонија и букети свежо цвеќе положија делегација од Општина Делчево, од Советот на Општина Делчево, како и претставници од институции, политички партии и здруженија на граѓани.

Инаку, 23 Октомври во историјата е запишан како ден на основањето на Македонската револуционерна организација. Организацијата се борела за ослободување на Македонија со сопствени сили, без помош од надвор. Формирањето на МРО значело почеток на организираното македонско револуционерно движење кое преку Илинден 1903 г., а потоа преку НОБ резултира со создавање современа самостојна македонска држава. Овој датум, 23 октомври, симболизира контиконтинуитет на македонската борба за независност.

# Одбележан 11 Октомври, Ден на почетокот на Антифашистичкото востание



Со пригодна свеченост, Општина Делчево одбележа 80 години од почетокот на Антифашистичкото востание, 11 Октомври. По тој повод, делегација на Општина Делчево предводена од градоначалникот Горан Трајковски, претставници од Советот на Општина Делчево и претседателот Драган Маневски, како и претставници од институции, политички партии, здруженија на граѓани и физички лица, се поклонија и свежо цвеќе положија на споменикот на паднатите борци во центарот на градот.

Во рамките на одбележувањето членовите на КУД „Гоце Делчев“ преку реферат потсетија на приликите кои претходеа на Востанието, начинот на кој беше реализиран првиот вооружен напад во Прилеп и во Куманово, но се осврнаа и на значењето на Востанието, како важен момент во борбата за самостојност на македонскиот народ и сопствена држава.

# Доделени 15 таблети на образовните институции во Делчево



Со финансиска поддршка на Општина Делчево, а во рамките на Јавниот повик за финансиска поддршка на граѓански здруженија за реализација на проекти, НВО „Тернипе МК" до образовните институции во градот ги дистрибуираше таблетите наменети за ученици кои доаѓаат од ранливи категории семејства.

Во рамките на проектот „Превенција и заштита од КОВИД 19 во Делчевскиот регион за маргинализирани и ранливи категории" обезбедени се 15 таблети за двете делчевски деветолетки и гимназијата во Делчево, како и 15 социјални пакети за лица од социјален ризик.

Инаку, досега оваа организација со поддршка на Владата, Општина Делчево и ОО на Црвениот крст има достврибуирано вкупно 100 таблети и 100 социјални пакети на семејства кои живеат во социјален ризик.

# Во ООУ „Ванчо Прке" започнаа обуките од Програмата „Училиште на 21 век"

Основното училиште ООУ„Ванчо Прке", Делчево, е едно од училиштата кое ја реализира училишната обука и се вклучи во проектните активности на „Училишта на 21 век", од Британскиот совет – меѓународна организација од Обединетото Кралство – British Council, со цел подобрување на практиките во училницата .

Во рамките на проектот и на почетокот од новата учебна година беа формирани тимови од стручните активи по наставните предмети, каде што учениците беа запознати со обуките на наставниот кадар и со начинот на користење уреди „Микро: бит", а и им беа презентирани модели на користење разни техники за програмирање и истражување.

Учениците оваа нова информатичка технологија ја прифатија со голем интерес со што и самите дадоа свои идеи за формирање клуб за микробит -истражување.

Инаку, првата обука за наставниот кадар се реализираше во текот на месецот август, обуката беше реализирана со алатката микробит (програмирање и кодирање).

Целта на обуката е самостојно критичко мислење и размислување кое создава нови и иновативни идеи за критичко размислување по разни наставни предмети и теми кои кај учениците ќе поттикнат многу техники за истражување и вештини за решавање на нерутински проблеми.

British Council – Британскиот совет е меѓународна организација од Обединетото Кралство за културни врски и образовни можности, која во соработка со Министерството за образование и наука има за цел да ги зајакне вештините за критичко размислување и решавање на проблеми во образовните институции .

Проектот „Училиште на 21 век" се реализира во повеќе од 100 земји и секојдневно остварува меѓународни можности и ги решава проблемите во критичкото мислење и ги упатува учениците во тајните на кодирањето и програмирањето.

Актуелности

Актуелности

## Ученици од земјоделски училишта од РСМ, Хрватска и Грција во посета на Општина Делчево



Традиционалното производство на сирење, неговите специфики и поддршката од Локалната самоуправа, како и програмите од државата за поддршка на млекопроизводителите беа тема на средбата на градоначалникот Горан Трајковски со претставници од земјоделски училишта од земјава, Хрватска и Грција.

Средбата е дел од проектот „Избери сирење“ како дел од Еразмус плус-програмата кој Ветеринарната станица „Здравје“ од Делчево го реализира во партнерство со Средното земјоделско училиште од Крижевци, Р.Хрватска и клубот на дегустатори од Епир, Грција.

Целта на посетата на Делчево е да се запознаат учениците од средните земјоделски училишта од Кавадарци, Скопје и Крижевци, Р Хрватска со класичниот начин на производство на сирење во Пијанец и да го подигнат своето знаење за оваа проблематика.

## Во Делчево одбележан светскиот ден без автомобили



Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево го одбележа 22 Септември, Светскиот ден без автомобили изразувајќи јавна благодарност до сите граѓани кои го практикуваат велосипедот како основно превозно средства за да стигнат до своите работни места со што даваат придонес за промоција на велосипедизмот и зачувување на здравата животна средина.

ОСБСП Делчево ги детектираше граѓаните кои го практикуваат велосипедот и со поддршка на полицијата им додели благодарници.

Секоја година на 22 Септември во светот се одбележува Светскиот ден без автомобили ( World car free day) со најразлични активности преку кои се поттикнуваат луѓето да се откажат од автомобилите еден ден и за своите патувања да користат алтернативни начини на превоз, како јавен транспорт, велосипед или пешачење.

Овој ден се одбележува и во рамки на Европската недела на мобилност која е иницирана од страна на Европската комисија и се спроведува како кампања во периодот од 16 до 22 септември секоја година за подигнување на јавната свест и промоција на чист и одржлив урбан транспорт.  За таа цел и  Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево го одбележа овој ден преку доделување на благодарници на сограѓани кои секојдневно низ годините користат велосипед како превозно средство до своите работни места и со тоа придонесуваат кон промоција на велосипедизмот во нашиот град.

Култура

# Месец на книгата: промоција на делото „Црквите и манастирите во Делчевско“



Во рамки на одбележувањето на месецот на книгата, ЈЛБ„Илинден“ го промовираше делото „Црквите и манастирите во Делчевско“, на покојниот роднокраен автор Драган Арсов. Публикацијата која долго време стоеше во ракопис, содржи податоци за христијанските цркви и манастири во Пијанец од раното христијанство до денес и зборува за црквите и манастирите во Делчево (Царево село), во Град, Црквенец, Селник, Драмче, Киселица,Трaботивиште, Ѕвегор, Илиово, Разловци, Стар Истевник, Вирче, Бигла, Очипала, Драмче, Косово Дабје, за христијанските собори и собири. Во Археолошката карта на Македонија се регистрирани 12 ранохристијански цркви, а на Археолошката карта од 1978 г. се забележани 12 населби со ранохристијански цркви и некрополи на територијата на Општина Делчево.

Директорката на ЈЛБ „Илинден“ , Биљана Петровска изрази благодарност до  Лимонка Арсовска, сопруга на авторот Арсов, што овозможи овој труд кој содржи непроценливи податоци да биде достапен до сите заинтересирани.

-Станува збор за делото „Црквите и манастирите во Делчевско“, дело за кое Драган Арсовски и Софрон Ѓеоргиевски, долго време собирале податоци кои тешко можат да се соберат и најдат, но за жал, книгата останала необјавена. ЈЛБ„Илинден“, ја комплетира скриптата ја испечативме и како скрипта ќе ја издаваме на нашите читатели, а ќе се потрудиме следната година и да ја издадеме како книга. Оваа публикација е прва од ваков вид во Делчевско, и содржи кус преглед на црквите и манастирите од раното христијанство до денеска, рече Петровска.

Во книгата се среќаваат исклучителни податоци досега непознати за јавноста. Како на пример фактот дека во грамадата на Василиј  Втори, издадена во 1019 година, се зборува за црковниот живот во Пијанец. Исто така, има податоци за локалитетот градиште во с.Град, се објаснува за населбата и некрополата од доцното античко време во Црквенец, потоа за остатоците од ранохристијанска цркава во село Киселица, за двете ранохристијански цркви во Стар Истевник и сл..

# Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**

**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**